Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

П Р Е Д Л О Г

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, септември 2007 година

Заради обезбедување на законито, чесно, транспарентно и одговорно работење на членовите на Владата на Република Македонија, во согласност со Акцискиот план на Владата на Република Македонија за борба против корупцијата 2007-2011, Владата на Републиа Македонија на седницата одржана на _____година, утврди

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој кодекс се утврдува начинот на однесувањето на членовите на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: министри).

Одредбите од овој Кодекс соодветно се применуваат и на претседателот на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), замениците на министрите и другите носители на јавни и други функции именувани од Владата..

### Член 2

Целта на овој кодекс е воведување стандарди на однесување на министрите преку кои ќе се обезбеди чесно и транспарентно работење на Владата и органите на државата управа и јакнење на довербата на граѓаните во државните органи.

За да се постигне целта, министрите:

- Ја вршат функцијата во интерес на граѓаните на Република Македонија;
- Се посветени на функцијата како на основна и единствена должност;
- Избегнуваат секаков судир помеѓу приватните интереси и функцијата што ја вршат;
- Избегнуваат употреба на нивниот статус или влијание за задоволување на сопствени материјални интереси или за интересите на членовите на нивните семејства и интересите на политичката партија од која потекнуваат;
- Избегнуваат секаков вид на етички некоректно однесување кое, покрај другото, вклучува барање или примање на лични подароци или услуги од организации или граѓани кои имаат потреба да добијат или задржат стекната услуга или помош од државата;
- Стручно, совесно и одговорно ја извршуваат својата функција

## II. ОДНОС НА МИНИСТРИТЕ СО ВЛАДАТА

Член 4

Владата како колективен орган се грижи за разрешување на евентуалните спорови и конфликти помеѓу два или повеќе министри.

Член 5

Одлуките од административна природа чие донесување е во надлежност на министерот, а не се од државен интерес не подлежат на согласност од страна на Владата.

За сите одлуки на министерот кои значат утврдување на нови политики и се од државен интерес, потребна е согласност од страна на Владата.

Член 6

Министрите ги информираат раководните државни службеници во министерството за сите одлуки усвоени на седница на Владата и им даваат инструкции за нивно спроведување.

Член 7

Секој министер отворено ги изразува своите ставови и постојано има предвид дека одговорноста за постапките и одлуките на Владата ја делат подеднакво сите министри.

Заради заштита на државниот интерес одделни информации содржани во владините документи се означуваат како класифицирани информации, согласно прописите за класифицирани информации.

Министрите не треба да ја откриваат содржината на дискусиите водени на владините седници, како ни личните мислења искажани од било кој член на Владата.

Член 8

Принципот на колективна одговорност и потребата од заштита на државните интереси резултираат со обврски кои се однесуваат и на поранешните министри.

Поранешните министри особено водат сметка за содржината на публикациите кои се засновуваат врз нивното искуство како членови на Владата.

Поранешните министри ги доставуваат своите текстови до Генералниот секретар на Владата пред тие да бидат публикувани пет години по истекот на нивниот мандат.

Член 9

Владините седници имаат приоритетно значење во однос на сите други активности на министрите.

Министер кој во исклучителна околност е спречен да присуствува на седница на Владата, претходно го оправдува своето отсуство пред претседателот на Владата.

Член 10

Министрите треба владините и другите државни простории, инвентар, финансиски и технички средства што им се ставени на располагање во врска со вршењето на функцијата, да ги користат совесно, одговорно и да не ги злоупотребуваат во партиски и приватни цели.

## III. ОДНОС НА МИНИСТРИТЕ СО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 11

Секој министер е одговорен пред Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието) за целокупната работа на министерството со кое раководи, вклучувајќи ја и работата на органите во состав, а која опфаќа предлагање политики, донесување акти и преземање дејствија.

За сите активности на министерството или Владата во рамките на неговиот ресор, соодветниот министер навремено и целосно ги известува Собранието или соодветните собраниски тела и јавноста.

Член 12

Министрите присуствуваат секогаш кога се повикани на седниците на Собранието. Министер, кој во исклучителна околност е спречен да присуствува на седница на Собранието на која е повикан од страна на Собранието, го оправдува своето отсуство пред претседателот на Собранието.

Министрите присуствуваат и на седниците на работните тела на Собранието секогаш кога пратениците сметаат дека имаат потреба од нивно присуство.

## IV. ОДНОС НА МИНИСТРИТЕ СО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 13

Министерот треба постојано да внимава на забраната за злоупотреба на своето влијание во партиски цели при определувањето лица за извршување на разни должности, особено при изборот, оценувањето, наградувањето и казнувањето на државните службеници.

Министерот не може да побара или да очекува од државните службеници да преземат било какви дејствија спротивни на нивните законски права и должности, како и дејствија спротивни на објективноста и деполитизираноста кои се бараат од нив.

Член 14

Министерот не може да побара ниту пак да очекува присуство или учество на државен службеник на активности на политичка партија.

Кога станува збор за активности (обуки, семинари, тркалезни маси и сл.) организирани од политички партии, а кои можат да им помогнат на државните службеници во правец на подобро извршување на нивните должности или подобро спроведување на политиките, министерот може да одобри учество во таква активност само доколку е убеден дека активностите се над партиските интереси и политики.

Член 15

Министрите можат, доколку е неопходно за вршењето на нивната функција, а во консултации со претседателот на Владата, да оформат организацинен облик за поддршка на неговата работа (кабинет) во рамките на министерството со кое раководат. Министрите изборот на членовите на својот кабинет го вршат од редот на постојните државни службеници.

По исклучок, со писмено одобрение од претседателот на Владата, министерот може во кабинетот да ангажира лице кое нема статус на државен службеник. Во таков случај, периодот на ангажман на тоа лице треба да биде точно утврден во писмениот договор.

Министрите не можат да ангажираат за членови на својот кабинет лица со кои се во брачна или вонбрачна заедница, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврти степен, посвоителот и посвоеникот и роднините по сватовство до втор степен.

Член 16

Министрите обезбедуваат нивните кабинети да работат во најдобар интерес на ресорот со кој раководат.

Кабинетот на министерот не треба да работи за задоволување на партиски интереси и во правец на остварување на партиски политики.

## V. АНГАЖИРАЊЕ СОВЕТНИЦИ

Член 17

Министерот може да ангажира најмногу два постојани или времени советници за одделни прашања од негова надлежност.

Советниците на министерот треба да бидат истакнати стручњаци од областа за која му даваат мислења и совети на министерот. Советниците треба да бидат деполитизирани, професионални и морално адекватни личности.

Министерот ги ангажира советниците со писмен договор.

За секој советник на министерот, како и за висината на неговиот хонорар, министерот го информира претседателот на Владата.

Владата може да му поднесува на Собранието годишна листа на советници на претседателот на Владата и на министрите, која го содржи бројот на советниците, нивните лични имиња и времетраењето на нивниот

ангажман. Личните имиња на советниците треба да бидат објавени на веб страниците на министерството и Владата.

## VI. ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА

### Член 18

За работи од јавен интерес, министерот не може да настапува само од свое лично име. При своите настапи и говори, министерот треба постојано да го има предвид принципот на колективна одговорност. Секоја негова изјава треба да биде конзистентна со колективната владина политика и не може да содржи владини одлуки кои не се јавно објавени.

Министерот посветува особено внимание при коментирањето на работи од надлежност на друго министерство и за кои одговорност сноси друг министер.

Претседателот на Владата треба да биде консултиран пред давањето изјава која се однесува на работењето на Владата, како и за изјава која се однесува на работите од уставен карактер.

Министерот за надворешни работи треба да биде консултиран пред давањето изјава која се однесува на меѓународните односи и надворешната политика на државата.

### Член 19

Министерот може да ги користи средствата за јавно информирање за изјави или дистрибуција на негов говор, само доколку станува збор за работи од негова надлежност или во надлежност на Владата кои претставуваат дел од неговото тековно работење.

Партиските говори, изјави и текстови, министерот може да ги објавува само во партиските гласила.

### Член 20

За своите службени говори, извештаи, текстови и публикации кои се резултат на неговите надлежности и искуство, како и за учество во програма емитувана на телевизија или радио, министерот не може да прими исплата на средства на своја сметка, на сметка на политичка партија, ниту на сметка на Буџетот на Република Македонија, ниту на сметка на некое здружение на граѓани или фондација.

### Член 21

Министерот поканет да дава интервју за странски медиуми, пред да одговори на поканата е потребно да се консултира со министерот за надворешни работи.

### Член 22

Министерот може повремено да приложи свој текст во книга, списание или весник само со цел да ги надополни средствата за јавно информирање за работата на неговиот ресор.

Министерот за време на вршењето на својата функција не може да се бави со новинарство, ниту пак со пишување колумни, кои се засноваат врз неговото министерско искуство или кои се однесуваат на работењето на неговиот ресор, Владата во целина или пак со пишување текстови со политичка содржина.

Министерот не треба да влегува во конфронтирачка преписка во медиумите за времето на вршење на својата функција. Доколку министерот смета дека е неопходно да бидат корегирани сериозни грешки и погрешни тврдења кои водат кон неточни заклучоци, тој може да објави во медиумите кратко писмо чија содржина треба да се ограничи на изнесување факти.

Забраната за бавење со новинарство не се однесува на написи од областа на литературата, спортот, уметноста, историјата, науката кои не произлегуваат од вршењето на неговата функција.

Член 23

Министерот не може, додека ја врши функцијата, да напише и да публикува книга за своето министерско искуство.

Министерот не може за време на мандатот да склучи договор за објавување мемоари по заминување од својата функција.

VII. ПАТУВАЊА НА МИНИСТРИТЕ

Член 24

Министер кој има потреба службено да патува надвор од државата потребно е да има согласност од претседателот на Владата за планираното патување. Писменото барање упатено до претседателот на Владата е потребно да ги содржи причините за патувањето, како и листата на држави кои ќе бидат посетени во рамките на патувањето. Бројот и личните имиња на членовите на делегацијата која ќе го придружува министерот треба да бидат наведени во барањето до претседателот на Владата, како и кусо образложение за потребата и улогата на секој од нив во делегацијата. Барањето упатено до претседателот на Владата треба да ги содржи и трошоците кои се предвидуваат за реализација на службеното патување.

При секое службено патување на министерот бројот на членовите на неговата делегација е на неопходниот минимум.

Министрите по завршувањето на службеното патување во странство, за неговата реализација поднесуваат извештај до претседателот на Владата.

Член 25

Со цел да се обезбеди непречено функционирање на Владата, пред сé, преку одржување на владините седници со потребниот кворум на присутни министри, (а не на нивни заменици), потребно е да се избегнуваат патувања во странство на повеќе министри на Владата истовремено.

Член 26

Кога министрите, заради извршување на своите должности треба да отпатуваат во странство, тие не треба да прифатат понуда за бесплатно патување од ниту едно правно или физичко лице, освен ако тоа не е дел од официјалната програма.

Член 27

Во случаите кога присуството на сопругот/сопругата на министерот се смета за неопходно, трошоците за неговото/нејзиното патување може да бидат платени од Буџетот на Република Македонија само доколку со сигурност се утврди дека неговото/нејзиното учество во патувањето е од државен интерес. Во вакви случаи е неопходна согласност од страна на претседателот на Владата.

Член 28

За своите патувања во странство, министрите писмено го известуваат министерот за надворешни работи, а известувањето треба да ги содржи нивните средби и разговори со официјалните претставници на странските влади. Известувањето треба да содржи податоци за одржаните формални и неформални разговори.

Член 29

Министерот за надворешни работи треба да биде информиран од страна на секој министер за планираните средби со претставниците на странските влади кои се поканети да ја посетат Република Македонија. Министрите го информираат министерот за надворешни работи откако ќе дознаат за службена или приватна посета на Република Македонија на министер на друга држава или лице со ист статус.

Член 30

Министрите го известуваат претседателот на Владата за секоја понуда на почест од странска држава пред да биде прифатена.

Член 31

Министерот за надворешни работи треба да биде консултиран секогаш кога некој друг министер планира да даде изјава која може да има влијание врз работите што се дел од надворешната политика.

Член 32

Министрите треба да имаат предвид дека давањето и примањето подароци од странска држава, орган, организации и институција на странска држава или меѓународна организација, односно нивни претставници претставува работа од државен интерес.

Министрите можат да подаруваат во согласност со закон, само предмети кои претставуваат спомен на дадените прилики или во знак на меѓународна соработка или солидарност и за тоа да го консултираат претседателот на Владата, доколку во одредени околности сметаат дека

Владата треба да даде подарок од поголема вредност, но не повеќе од 1000 евра во денарска противвредност.

Член 33

Министрите имаат право да ги задржат пригодните лични подароци што ги добиле од странска држава, орган, институција или меѓународна организација само доколку тие претставуваат спомен на дадена прилика или во знак на меѓународна соработка или солидарност и нивната вредност не надминува 200 евра во денарска противвредност. Подароците не можат да се примаат во пари и услуги (плаќање на лични или семејни патувања, одмори, хотелски или други услуги). Во случај на сомнеж, министерот треба да се консултира со претседателот на Владата и да постапи внимателно и одговорно.

## VIII. ПРИВАТНИ ИНТЕРЕСИ

Член 34

Министрите треба да бидат свесни за ситуации во кои нивните приватни интереси можат да бидат доведени во судир со вршењето на нивната функција. Со цел да се зачува личниот интегритет на министерот, како и колективниот интегритет на Владата, секој министер треба да избегнува секаков вид судир, реален или потенцијален, помеѓу неговите приватни интереси и должностите кои ги извршува.

Член 35

Секој министер постапува согласно општото правило дека при судир на јавните и приватните интереси треба да дојде до откажување од приватниот интерес.

Создадениот судир на интереси го решава претседателот на Владата. За секое прашање од ваков вид, министрите го запознаваат претседателот на Владата и ги почитуваат неговите инструкции.

Член 36

Веднаш по стапувањето на функција, министерот престанува со вршење на неговата претходна работа/дејност. Министерот целото свое време го посветува на вршењето на неговата функција и должности. Забраната за вршење приватна работа го опфаќа и давањето консултации, присуствувањето во канцеларија/ординација/клиника со цел да се дадат професионални совети, дури и кога тие се даваат бесплатно.

Член 37

Веднаш по стапувањето на функција, министерот дава оставка од секоја јавна или друга функција или престанува да ја врши дејноста која дотогаш ја вршел. Тоа подразбира и забрана за раководење или управување (директор или член на управен одбор) на секаков вид правно

лице, како и забрана за раководење или управување со здружение на граѓани или фондација.

По исклучок од став 1 на овој член министерот може да биде почесно именуван или назначен во оргнаните на добротворни здруженија на граѓани и фондации доколку тоа не произведува судир на интереси, при што е неопходна согласност од претседателот на Владата.

Член 38

Секој министер по стапување на должност, односно во рок и на начин утврден со закон, го пријавува имотот (недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот) во негова сопственост или во сопственост на членовите на неговото семејство (брачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите, посвоителот или посвоеникот со кој министерот живее во семејна заедница), како и секое зголемување на неговиот имот односно имотот на член на неговото семејство.

Член 39

Министерот за време на вршењето на својата функција, на ниту еден начин не може да помага номинација на лица за добивање домашни или меѓународни награди.

Министерот не треба да стори ниту едно дејствие, кое ќе може да се толкува како негово или спонзорство на Владата на индивидуални номинации за награда.

## IX. ПРИМАЊЕ НА ПОДАРОЦИ

Член 40

Министерот и членовите на неговото семејство не треба да примаат подароци и услуги од каков било вид, кои би го ставиле министерот или членовите на неговото семејство во положба на должник или би асоцирале таква положба.

Секогаш кога министерот има дилеми за некоја конкретна работа поврзана со давање или примање подарок, односно услуга, го консултира претседателот на Владата.

Подароците од помала вредност (до 100 евра) можат да бидат задржани од страна на министерот. Подароците од поголема вредност можат да бидат откупени од страна на министерот кој ги добил или да се предадат на располагање на министерството или Владата, во зависност од конкретниот случај. Подароците во никој случај не можат да бидат пари, хартии од вредност без разлика на висината на износот, како и златни и други скапоцени предмети.

Подарокот кој не претставува личен подарок министерот го пријавува односно предава на Владата согласно закон.

Владата може да објави годишна листа на добиени подароци во вредност поголема од 100 евра. Листата содржи детали за вредноста на

секој подарок, приликата во која е добиен, како и дали е откупен од страна на министерот или оставен на располагање на министерството/Владата.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА КОДЕКСОТ

### Член 41

Непочитувањето на одредбите на овој кодекс повлекува политичка одговорност на министерот.

Иницијатива за оценување на политичката одговорност од став 1 на овој член, може да покрене претседателот на Владата, пратеник во Собранието, Државната комисија за спречување на корупцијата.

Генералниот секретар на Владата ја известува Владата за непочитување на одредбите на овој кодекс.

## XI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 42

Овој кодекс ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. __________
_____ година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија
м-р Никола Груевски

О б р а з л о ж е н и е

Етичкот кодекс е стар колку и антиквитетите. Религиозните традиции и граѓанските култури имале свои кодекси на однесување. „Десетте Заповеди” се камен темелник на јудизмот, исламот и христијанството. Перикле е автор на Атинскиот кодекс - потпора на античката грчка политика и култура. Во секој случај, кодексите на однесување во себе содржат основни принципи и предупредувања, но истовремено претставуваат и нешто многу повеќе од тоа. Тие содржат визија за тоа како треба да изгледа иднината. Некои кодекси содржат исклучително значајни искази за граѓанските очекувања.

Во македонскиот правен систем постојат повеќе правни прописи кои ги уредуваат статусот, правата и обврските на јавните службеници. Почнувајќи од Законот за државни службеници, па преку бројните посебни прописи со кои се уредува статусот на вработените во различни сегменти од јавниот сектор и завршувајќи со подзаконските акти, како што е владината Уредба за описот на звањата и соодветноста на работните места со групите и звањата утврдени со Законот за државните службеници/правилниците за систематизација на работните места на секој орган/организација одделно и другите општи правни акти на министерствата, другите државни органи, регулаторните тела, установите и организациите со јавни овластувања.

Во повеќе сегменти од јавниот сектор, врз основа на споменатите законски и подзаконски акти, последниве години се донесуваат посебни т.н. правила на добро однесување за вработените, систематизирани и содржани во етичките кодекси на секој орган, организација или установа одделно.Изминативе години се донесени етички кодекси на однесување на државните службеници, на локалните функционери, етички универзитетски кодекс и сл. Целта на секој од овие кодекси е јавните одговорности да бидат извршувани од страна на нивните носители во согласност со закон, при што ќе се гарантираат транспарентноста, ефикасноста и целосната посветеност на работата и јавниот интерес.

Нашата проценка на сегашните состојби во однос на однесувањето и работењето на државните функционери, упатува на заклучок дека во Република Македонија постои потреба од усвојување на етички кодекси кои ќе го регулираат доброто однесување и владеење од страна на сите (не само локалните) избрани и именувани функционери. Станува збор, пред се, за министрите, нивните заменици, како и за директорите, претседателите на самостојните државни органи, органите во состав на министерствата, регулаторните тела и управните организации. Затоа, сметаме дека првиот чекор треба да го направи Владата, донесувајќи Етички кодекс за министрите, кој во периодот до донесувањето на посебни етички кодекси за

секоја категорија државни функционери, ќе се применува и ќе важи за сите нив заедно.

Етичкиот кодекс на министрите треба да содржи правила и принципи кои претставуваат водилки на доброто однесување и владеење, а кои не се експлицитно наведени во законските одредби, туку е потребно да се изведат од нив. Преку овој Кодекс, јавните функционери од највисок ранг, потребно е на граѓаните да им понудат збир на фундаментални вредности со кои ќе треба да располагаат членовите на Владата и другите именувани функционери за да можат да одговорат на барањата и условите на граѓаните. Кодексите јасно ги артикулираат неприфатливите однесувања, а истовремено креираат визија кон чие остварување треба да тежнее владата. Оттука, поттикнувањето монетарна реформа, креирањето демократски институции или програми за економски напредок и сл. без чесни и професионални изведувачи и креатори, може да биде фрустрирачки, дури и контрапродуктивно. Етичките кодекси ја имаат токму таа благородна задача, да ги зацртаат контурите на добро, чесно и професионално однесување.

Во државите членки на ОЕЦД од 2000 година, па наваму, усвојувањето етички кодекси на високи државни службеници, како и на државни функционери, особено на оние кои вршат извршна власт, станува актуелна појава. Кодексите на добро однесување добиваат и меѓународно значење. Почнувајќи од ООН, па преку бројни други меѓународни и национални асоциации, етичките кодекси многу често се користат како механизам за спречување и превенција на корупцијата во јавниот сектор.

Во Програмата за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата во Република Македонија (мај 2007) е зацртана потребата од донесување Етички кодекс на министрите.

Правната логика наведува на фактот дека овој Кодекс би требало да биде донесен од претседателот на Владата на РМ. Но, оваа идеја во сегашни услови е неостварлива, бидејќи Законот за Владата на Република Македонија не предвидува надлежност на премиерот за донесување општи акти. Затоа, Етичкиот кодекс на министрите и другите избрани и именувани функционери, согласно постојното законодавство, ќе треба да биде донесен од Владата на РМ.